---------------------------------------------------

ИНСТИТУТ ЗА ПРЕДКЛИНИЧКА И КЛИНИЧКА ФАРМАКОЛОГИЈА
СО ТОКСИКОЛОГИЈА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ -СКОПЈЕ Скопје, 18.06.1993

Бр. 63

# С Т Р У Ч Н О   М И С Л Е Њ Е

## за помошно лековито средство-комбинирани чаеви за лекување на болести на бубрезите и другите органи за мокрење

Барањето за изработка на мислењето е поднесено од Петковски Науме од Ресен.

Према доставените податоци комбинираните чаеви за лекување на заболувања на бубрезите и другите органи за мокрење претставуваат комбинација на следните растенија :

- Ајдучка трева (Achilea millefolium)
- Линцура (Gentiana lutea)
- Цикорија (Cichorium intybus)
- Враниловка (Origanum vulgare)
- Црвен кантарион (Erythraea centaurium)
- Подабец (Teucrium chamaedrys)
- Жолт кантарион (Hypericum perforatum)
- Пченкарна свила (Maydis stigma)
- Раставче (Equisetum arvense)
- Мечкино грозје (Arctostaphylos uva ursi)
- Пчелинок (Mellissa oficinalis)
- Млечка (Taraxatum officinale()
- Смил (Helichrysum arenarium)

Надземниот дел и цветовите на ајдучката трева содржат етерски масла 0.05-0.4% (проазулен,алфа-пинен,бета пинен,1-борнеол и т.н.), витамин К,горки материи (ахилеин и ахилетин),гликозиди,естери на изовалеријанова и мравја киселина и гума.

Експериментално е утврдено да ахилеинот има хемостатски особини и дека екстракт на листот го успорува развојот на бактериите.

Активни материи во линцурата се гликозидите генциопикрин и генциамарин (поради нив има и горчлив вкус) и алкалоидот генцианин.Покрај тоа содржи и пектин,слуз,масти,смоли и др.Линцурата ја зголе-

мува секрецијата на плунка,жолчка и на соковите во дигестивниот тракт.Исто така има и благо спазмолитично дејство.

Цикоријата е доста богата со инулин,а содржи и цикориетол кој е горчлив кумарински дериват,пектини,taнинска киселина,етерски масла и други активни материи.Има благо седативно и антимикробно дејство а делува и назголемување на снагата на срцевата контракција.Поради високата содржина на инулин кој при метаболизирането дава само левулоза често се користи кај дијабетичари.

Етерските масла кој ги има до 0.15% во враниловката се составени од феноли,тимол,карвакрол,трициклични секвитерпени,геранилацетат, цимол и друго.Тие поседуваат антисептични својства.Покрај нив како активни материи во враниловката се најдени и витамин Ц,горки материи,провитамин А и т.н.Растението поседува и благо седативно, аналгетичко и спазмолитично дејство.

Црвениот кантарион содржи гликозиди еритаурин и еритроцентаурин, алкалоид генцијанин,витамин Ц,етерски масла,смоли,восоци и горки материи.Поради присуството на горки материи го подобрува апетитот и се користи или со оваа намена или како тоник.

Активни материи во подабецот се етерските масла (во количина до 0.06% се наоѓаат),танини,холин,хетерозиди и сапонозидот марубин.И неговата употреба произлегува од присуството на горки материи кои го подобруваат апетитот и се користи како тоник.

Жолтиот кантарион содржи голем број на активни материи кои ги детерминираат неговите фармакодинамски дејства.Во него се идентифицирани:етерски масла (0.1-0.2%),танини (9-11%),смоли,антоцијан, црвена боја-хиперицин,каротен,траги на алкалоиди флавоноидни хетерозиди (хиперозиди околу 0.5%,рутозиди,кверцитрозиди),холин, витамин Ц(околу 30%) и т.н.

Поради присуството на овие активни материи жолтиот кантарион го олеснува зараснувањето на раните и има благо седативно,диуретично и антимикробно дејство.

Пченкарната свила содржи витамин $K_3$,2.3-3.2% сапонозиди,11-13% танини,3.5-4% шеќери,0.10% етерски масла ,2.6-3.8% гума,2-3% смоли, 0.04% алкалоиди,0.3% салицилна киселина,ситостероли и други фитостероли,калиумови и други соли.

Како резултат на богатото присуство на калиумови и други соли има

благо диуретично дејство. Му се припишува и дејство на смалување на напоните во мокрачната бешика при хронично воспаление на бешиката. Присуството на салицилната киселина доведува до тоа да има аналгетично, антипиретично и антиинфламаторно дејство, а витаминот $K_3$ до хемостатско дејство.

Најважна активна материја во прешлугата е сапонинот еквизетонин кој му дава диуретично дејство на растението. Покрај тоа прешлугата содржи и аконитна киселина, околу 10% кремена киселина, јаболкова киселина, смоли, танини, флавонски хетерозиди, витамин Ц, каротеноиди, силициева киселина и т.н. Покрај диуретично дејство поседува и благо хемостатско дејство, а поради присуството на силициева киселина му се припишува и антитуберкулозно дејство.

Мечкиното грозје во листот содржи околу 11% (најмала дозволена количина е 6%) фенолски гликозиди арбутин и метил-арбутин. Покрај нив во листот го има и гликозидот ериколин. Од другите активни материи најзначајни се танините, гална киселина, слободен хидрохинон, етерските масла, кверцитин, изокверцитин, хининова и мравја киселина. Има диуретично и антимикробно дејство.

Активни материи во листот на пчелинокот се танини, етерски масла, витамин Ц, кафена, олеинова и урсолова киселина, горчливи и слузни материи. Поради тоа што содржи танини се употребува при проливи. Етерските масла во пчелинокот поради својата пријатна миризба се употребуваат за корегирање на непријатни мириси. Пчелинокот има и благо аналгетско, седативно и спазмолитично дејство.

Надземниот дел на млечката содржи тараксацин и тараксацерин (горки материи растворливи во вода кои се наоѓаат во сокот на млечката), флавоксантин, лутеин, фаладиол, витамин $Б_1$, витамин Ц, витамин Д, провитамин А, лактоцерол, аспарагин, холин и т.н.

Присуството на горките материи доведува да употребата на растението го подобрува апетитот и дигестивната функција. Исто така ја стимулира секрецијата на жолчка и има диуретично дејство.

Смилот содржи флавонски хетерозиди, танини, смоли, горки материи, каротин, етерски масла (околу 0.4%), витамин Ц, стерини и др.

Зголемена диуреза и зголемена секреција на жолчката се резултат на дејството на претходно набројените активни материи.

Од изнесеното во претходниот текст може да се заклучи дека растенијата кои се предлагаат да влезат во состав на комбинираните чаеви за лекување на болести на бубрезите и мокрачната бешика (воспаленија и калкулоза) поседуваат активни материи кои може да придонесат во лекувањето на овие заболувања.

Посебно значајно е што најголемиот дел од растенијата што ќе се употребуваат за изработка на овие чаеви поседуваат активни материи кои имаат благо седативно,аналгетичко,диуретично,спазмолитично и антимикробно дејство.Комбинирањето на овие растенија доведува до меѓусебно дополнување на дејствата.

Сите растенија што ќе се употребуваат за правење на комбинираните чаеви за лекување на заболувања на бубрезите и мокрачната бешика во себе не содржат активни материи со јако дејство,така да и земени во поголеми количини не може да нанесат штета на здравјето на пациентот.Сите овие растенија и нивните активни материи се опишани во класичните учебници за оваа материја,а дел од нив se наоѓаат и во четвртото издание на југословенската фармакопеа и во други светски фармакопеи (Gentianae radix,Cichorii herba i Cichorii radix,Maydis amylum,Uvae ursi folium,Melissae folium).

Врз основа на претходно изнесеното сметам дека од стручен аспект е оправдана регистрацијата на комбинираните чаеви за лекување на болести на бубрезите и мокрачната бешика како помошни лековити средства.

Мислењето го изработил,
Асис.д-р Никола Лабачевски

*Асс. Д-р Никола К. Лабачевски*
*спец. по клиничка фармакологија*

Директор,
Доц.д-р Петар Милошевски